PROFOR
PROGRAM ON FORESTS

The voice of European Family Forestry

CEPF

Confédération Européenne des Propriétaires Forestiers
Confederation of European Forest Owners
Zentralverband der Europäischen Waldbesitzer

# Анализа на приватното шумарство во Македонија и неговата улога во процесот на Националната стратегија за шумарството

## STATUS QUO ANALYSIS

## Private forestry in Macedonia and its role in the National Forest Strategy process


*Prof. Dr. Aleksandar Trendafilov*

*Prof. Dr. Jasminka Rizovska Atanasovska*

*Mr. Bojan Simovski*






Published by the

**Confederation of European Forest Owners**

**European Forestry House**
**Rue du Luxembourg 66**
**B-1000 Bruxelles**

**Phone ++32 2 219 0231**
**Fax ++32 2 219 21 91**
**office@cepf-eu.org**
**www.cepf-eu.org**

cover photos: Atilla Lengyel

This publication was made available by funding received from the **World BankPROFOR Program.** The sole responsibility of its content lies with the publisher and the authors, the World Bank is not responsible for any use that may be made of the information presented therein.

**Благодарност**

Оваа публикација е резултат на работата на колеги со различни специјалности. CEPF би сакале особено да им се заблагодарат за своите придонеси, покрај на авторите, и на следниве лица и организации:

- Холандска Агенција за развој (СНВ Македонија)
- ФАО ОН, Суб-регионална канцеларија за Централна и Источна Европа, Будимпешта
- Универзитетот на Западна Унгарија, Јазичен Центар, Сопрон – лектура на англиски јазик
- Брајовиќ Злата, Скопје, превод на македонски јазик,
- Печатење: Ловер Принт, Сопрон, 360 примероци.

**Acknowledgement:**

The publication here resulted from the work of colleagues of different specializaitons. CEPF would especially like to thank apart of the authors for the contributions provided by the following persons and organisations:

- Dutch Development Agency (SNV Macedonia)
- FAO UN, Sub-regional Office for Central and Eastern Europe, Budapest
- English proofreading: University of West Hungary, Language Centre, Sopron
- Macedonian translation: Ms Zlata Brajovič, Skopje
- Printing: Lővér Print, Sopron in 360 copies

## Вовед

Европската конфедерација на сопственици на шуми уште од 2003/2004 година води активности насочени кон земјите од Централна и Источна Европа. Тоа подразбира размена помеѓу сопствениците на шуми и нивните организации и работа насочена кон нивото на политиките. Досега државната шумска управа, FAO UN, IUCN и Европската комисија се јавуваат како нивни главни партнери. Како резултат на вавките соработки беа организирани неколку настани и во некои случаи се развија проектни идеи кои беа и применети.

Студијата претставена во оваа публикација е изготвена како дел од националната статус кво анализа на проект финансиран од страна на програмата PROFOR на Светската банка, а предводен од страна на CEPF. Овој проект се однесува на развојот на шумарската политика во однос на шумите во приватна сопственост во под-регионот на Југоисточна Европа и тоа во трите целни држави во рамките на политиката на соодветната национална програма за шумарство или стратешките процеси (Албанија, Македонија и Србија).

Во Југоисточна Европа, не-државните шумарски организации сé уште се послабо развиени и имаат потреба од помош при политиката и градњето капацитети. Сопствениците на приватни и општински шуми се соочуваат со тешкотии при обидите активно да учествуваат во воспоставувањето на политиката со државни и меѓусекторски размери, како на пример спроведувањето на националната програма за шумарство. Таков е случајот дури и во Албанија и Македонија, каде на национално ниво веќе постојат организации за застапување на интересите на сопствениците на шуми (2008). Општо може да се заклучи дека шумскиот имот којшто е во не-државна сопственост во земјите од Југоисточна Европа се соочува со заедничкиот проблем што политичката рамка не овозможува негово добро функционирање. Ова делумно е остаток од правните пракси од времето на социјализмот во поранешна Југославија, кадешто беше возможно да има шуми во приватна сопственост, но во пракса истото беше многу ограничено и не постоеја приватни организации на сопственици на шуми. За време на социјализмот, во Албанија не било дозволено постоењето на приватен имот. Со политичките промени во последниве 15 години, повеќето земји од Југоисточна Европа не успеаја или едвај успеаја да ја надминат оваа ситуација, па многу малку напредок е постигнат во поглед на не-државното шумарство. Како последица, сопствениците на шумите сé уште се едвај организирани или пак нивното учество во тие неколку постоечки организации е мало.

Сепак, сличниот проблем во под-регионот пружа можности за да се разрешат овие прашања. Врз основа на овие размислувања CEPF, Светска банка и националните партнери во Албанија, Македонија и Србија разработија една проектна идеја. **При тоа, Националната програма за шумарство или Стратешките процеси добиваат помош исклучиво во спроведувањето на нивните не-државни шумарски компоненти.** Анализите во сите три целни држави се едни од првичните резултати. Во Македонија на пример, ова е првата студија од овој вид што го обработува приватното шумарство како главна тема. Со студиите заврши и првата фаза од анализата статус кво и ќе служат за натамошна употреба во спроведувањето на проектот.

Во оваа публикација, по анализата ќе следи и посебен документ со заклучоците од под-регионалната конференција за Југоисточна Европа, одржана во Скопје во јули 2008. На конференцијата беа разработени горенаведените проблеми, а исто така и детаљно се дискутираше и за статус кво студиите. Заклучоците од конференцијата се однесуваат на главните прашања за кои се дискутираше, како на пример важноста на политиката на приватното шумарство, управувањето и правната и политичка рамка за приватното шумарство во Југоисточна Европа.

Документите претставени тука покажуваат дека ваквата работа треба да продолжи во соработка со засегнатите страни за да се подобри ситуацијата на граѓаните коишто се одговорни за шумското земјиште во приватна сопственост: *сопствениците на приватните шуми*.



Мортен Тхорое
*CEPF Генерален Секретар*

## INTRODUCTION

The Confederation of European Forest Owners has been directing targeted activities since 2003/2004 towards Central and Eastern European countries. This includes exchange between forest owners and their organisations and focused work at the policy level. In latter, national forestry administration, FAO UN, IUCN and also the European Commission have been the main partners so far. As a result, several events have been organised along this cooperation and project ideas got developed with linked implementation in some cases.

The study in this publication was developed as a national status quo analysis to the CEPF coordinated and World Bank PROFOR Programme financed project addressing the South East European (SEE) sub-region's forest policy development concerning private forests. The project addressed this issue in all three target countries within the policy frame of the respective national forest programme or strategy processes (Albania, Macedonia, Serbia).

In SEE, non-state forestry organisations are still less developed and are in need for policy assistance and capacity building. Private and community forest owners have difficulties to adequately participate in the policy setting of national and cross-sectoral dimensions such as e.g. national forest programme implementation. This is even the case in Albania and in Macedonia, where national level organisations of forest owners for interest representation already exist (2008).
In general, it can be stated that non-state forest property in the SEE countries faces the common problem of not-enabling policy framework for its proper functioning. This is partly heritage form the socialist times' legal practices of e.g. Ex-Yugoslavia, where private property on forests was legally possible but practically strongly restricted and no organisations of forest owners existed. In Albania even no private property was allowed to exist during the socialist regime. Since the political changes of the last 15 years most of the SEE countries have not or have scarcely overcome this situation and thus little development of the non-state forestry took place. Consequently, forest owners are still hardly organised or their representation is comparatively low in those few existing organisations.
However, this similar problem of the sub-region provides chances to address these issues.
On the basis of these considerations a project idea got developed by CEPF, the World Bank and national partners in Albania, Macedonia and Serbia. ***In this, National Forest Programme or Strategy processes receive assistance specifically in the implementation of their non-state forestry components.*** The analyses in all three target countries are one of the first results. In Macedonia e.g. this is the very first study of its kind addressing private forestry as main topic. The studies closed down the first project phase of the status quo analysis and serve for further follow up in project implementation.

In this publication the analysis will be followed by a separate document on the conclusions of the SEE sub-regional conference held in Skopje in July 2008. The conference tackled the same problematic as described above and the status quo studies were discussed there in detail too. The conference conclusions reflect on the major issues discussed, such as the policy relevance of private forestry, management issues and legal / policy framework for private forestry in SEE.

The documents presented here state however that this work needs to be continued further on, in cooperation with the concerned stakeholders to improve the situation for the citizens of the countries taking responsibility for the private forest land: *the private forest owners.*



Morten Thorøe
*CEPF Secretary General*

PROFOR
PROGRAM ON FORESTS

CEPF
Confédération Européenne des Propriétaires Forestiers
Confederation of European Forest Owners
Zentralverband der Europäischen Waldbesitzer

# Анализа на приватното шумарство во Македонија и неговата улога во процесот на Националната стратегија за шумарството


*Проф. д-р Александар Трендафилов*

*Проф. д-р Јасминка Ризовска Атанасовска*

*Пом. асс. Бојан Симовски*


**Скопје, јуни 2008**

# СОДРЖИНА

Листа на користени кратенки.....9
Листа на табели.....9
Листа на графикони.....9

1. ВОВЕД.....10

2. ПРЕГЛЕД НА ШУМИТЕ И ШУМАРСТВОТО.....10

2.1. Основни информации за Република Македонија.....10
2.2. Понов историјат на шумите и шумарството.....11
2.3. Преглед на шумскиот фонд и сопственииштвото.....11
3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИЦИ НА ПРИВАТНИ ШУМИ.....16
3.1. Историјат на организирањето на сопствениците на приватни шуми.....16
3.2. Организираност на сопствениците на приватни шуми.....17
4. ТЕКОВЕН РАЗВОЈ НА ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОТО ШУМАРСТВО.....23
5. ШУМАРСТВОТО И ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ВО НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ШУМАРСТВОТО 26
5.1. Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (НСОРШ).....26
5.1.1. Визија, генерални цели и насоки на Стратегијата.....28
5.1.2. Главни аспекти на стратегијата.....30
5.2. Прогрес на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Македонија.....33
5.2.1. Активности во процесот на развој.....33
5.2.2. Спроведувањето на Националната стратегија и Акциониот план.....34
6. РЕЗИМЕ.....38
7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА/ПРОЕКТИ.....41
АНЕКС 1.....42
АНЕКС 2.....44
ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА „Статусот на не-државното шумарство во Југоисточна Европа".....45

# ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **НАСПШ** | Национална асоцијација на сопственици на приватни шуми |
| **НСОРШ** | Национална стратегија за одржлив развој на шумите |
| **ФАО ОН** | Организација за храна и земјоделство на Обединетите Нации (Food and Agriculture Organization of United Nations) |
| **SNV** | Холандска Агенција за развој (SNV) |
| **НА** | Национална асоцијација |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ОСШ** | Одржливо стопанисување со шумите |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ЈП** | Јавно претпријатие |
| **CEPF** | Европска конфедерација на сопственици на шуми (Confederation of European Forest Owners) |
| **EFI** | Европски институт за шумарство (European Forest Institute) |
| **IUCN** | Меѓународна унија за заштита на природата (International Union for Conservation of Nature) |
| **FOPER** | Шумарска политика и економика, образование и истражување (Forest Policy and Economics, Education and Research) |

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

**Таб.1.** Шумите во Македонија според површината и видот на сопственост, 1938 г.

**Таб.2.** Шумите во Македонија според површината и видот на сопственост, 1961 г.; 1979 г.

**Таб.3.** Развој на членството на Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми во Република Македонија

# ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

**Графинони 1 и 2.** Хронолошки преглед на државните и приватните шуми, 1938-2006

**Графикон 3.** Сопственост на шуми според Статистичкиот извештај од 31.12.2005 г.

**Графикон 4.** Ограноци на НАСПШ во 2008

**Графикон 5.** Распределеност на шуми според видови на силвикултура и ограноци на НАСПШ (1 - Берово, 2- Кавадарци, 3 – Кичево, 4- Куманово, 5 – Радовиш.)

# 1. Вовед

Овој документ го анализира потенцијалот на ресурсите и капацитетите на приватното шумарство во Република Македонија, во рамките на Националната стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (НСОРШ).

Во моментов, во Република Македонија нема национална програма за шумите. Моменталниот процес во Македонија се нарекува НСОРШ, а Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми (НАСПШ) е заинтересирана организација.

Во согласност со Уставот на Република Македонија и законите коишто ги регулираат имотните и сопственичките права, не постои категорија општински шуми, туку сите се државни и приватни шуми.

Во минатото, поседувањето приватни шуми не беше дел од политичкиот систем на државата, ниту пак дел од националната шумска политика. Ова е од особено значење за статусот и улогата на приватното шумарство во Македонија, вклучувајќи ги и принципите на одржливиот развој. Потребите за финансирање на еколошката вредност на шумите или дефинирањето на еколошките ефекти и нивната евалуација е исто така засегната.

НАСПШ е развиена со цел да се осврне на стопанисувањето со шумите и дрвните производи. До ден  денешен, во Македонија не постои воспоставен систем од стана на компаниите, владата или индивидуалци, кој ќе врши валоризација и плаќање на надомест за употребата на еколошките функции на шумите. Обидите на шумарите истото да се постигне се без никаков успех.

**Површината на приватни шуми во Македонија е мала, но значителна во поглед на социјалната и економска благосостојба на 65.000 семејства кои поседуваат шуми.**

# 2. Преглед на шумите и шумарството

## *2.1. Основни информации за Република Македонија*

Севкупната површина на Република Македонија (РМ) изнесува 25 713км² и е една од најмалите држави во Европа. Има разновидна флора и фауна и планинско земјиште со многу разновидни рељефни карактеристики. 44,01% од земјата се наоѓа на височина од меѓу 500 и 1.000 метри. Најмалата височина изнесува околу 40 метри, додека пак најголемата – 2.764 метри надморска височона (планината Кораб). Просечната височина изнесува 829 метри, а според класификацијата на Меѓународната унија за конзервација на природата (IUCN), државата спаѓа во првата категорија на планински држави во Европа.

Севкупната површина се состои од:

| | |
|---|---|
| • Водени површини | 48.800 ha или 1,90% |
| • Рамнински терени | 490.000 ha или 19,10% |
| • Ридско-планински терен | 2.032.500 ha или 79,00% |

Македонија има богат биодиверзитет. Во дендофлората постојат 319 видови дрвја и грмушки, а повеќе од 80 подвидови и вариетети. 16% од севкупниот број на видови се балкански ендемични или суб-ендемични видови. Последните истражувања на шумската вегетација покажуваат дека дрвјата и грмушките сочинуваат 81 шумска фитоценоза.

## *2.2. Понов историјат на шумите и шумарството*

Во архивите постојат документи за шумите на територијата на Република Македонија од времето на Отоманската империја, но многу малку за периодот пред Втората светска војна. Во 1938 година е извршен првиот попис на шумскиот фонд, во рамките на Кралска Југославија.

По Втората светска војна, во 1947/48 година реализирана е т.н. „брза инвентаризација“ на шумскиот фонд. Во 1961 година е направен општ попис, а последниот попис е во 1979 година.

По Втората светска, значаен дел од приватното земјиште, вклучувајќи и шуми, беше национализиран. Кооперативниот закон, (исто така наречен „Кардељов закон“), кој во тоа време се воведе во Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, остави многу негативни последици по земјоделството и шумарството. Резултатите се чувствуваат и до ден денешен.

Во педесеттите години на минатиот век се изврши национализација на приватните шуми и сопствениците ги изгубија своите права за стопанисување со нив. Сепак, во некои делови на Македонија не е извршена соодветна документација на приватното земјиште. Како резултат на овој развој на настаните, во приватното шумарство се јавува вакуум од пет декади. Семејствата коишто порано поседувале шуми ги заборавиле своите придобивки и принципите на традиционалното шумарство. Сопствениците на помали парцели изгубиле интерес да стопанисуваат со нив.

Во 1991 година Македонија стана независна држава, заснована на демократски принципи и закони кои ги гарантираат сопственичките права. Наскоро потоа започна и процесот на денационализација, со што се зголеми и површината на приватните шуми.

Правото на враќање на приватните шуми е загарантирано со Уставот на Република Македонија и Законот за денационализација. Сепак, резултатите од денационализацијата не го постигнаа очекуваниот ефект.

Во 2008 година процесот запре. Се очекува истиот да продолжи но постои можност за зголемување на фондот на приватните шуми за само 2-3%.

Шумите во црковна сопственост во РМ се од приватен карактер. Се сметаат за посебен вид сопственост и не се вбројуваат во статистиката за приватни шуми, но сè уште не се одделени од државните имоти.

Со промената на општествено-економскиот и политички систем на државата се зајакнаа и капацитетите во приватниот сектор. Со тоа се зголеми и интересот на сопстениците за стопанисување со своите приватни шуми. Ова се гледа и преку развојот на Националната асоцијација на сопственици на шуми, формирана во Куманово и Берово.
Со регистрирањето на повеќе локални асоцијации на сопствениците на приватни шуми понатаму ќе се воспостави и основа за македонска фондација за приватно шумарство.

## *2.3. Преглед на шумскиот фонд и сопственицштвото*

Овој краток преглед ќе содржи информации за приватниот и државниот шумски фонд. Тие се засноваат на следниве извори:

- Шумските пописи од 1938, 1961, 1979 година;
- Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, 2006 г.;
- Просторниот план на Република Македонија, 2004 година.
- Планови за стопанисување со шумите, Јавното претпријатие „Македонски шуми“, Национални паркови и други шуми со посебни цели.

Според пописот во 1938 г., во РМ имало 615 216 ha шуми и покривале 24% од територијата.

*Таб.1. Шумите во Македонија според површината и видот на сопственост, 1938 г.*

| **Реден број** | **Сопственост** | **Површина (ha)]** | **Учество (%)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Државни/општествени шуми | 162,054 | 26.3 |
| 2. | Селски и општински шуми | 360,797 | 58.5 |
| ***3.*** | ***Приватни шуми*** | ***84,914*** | ***13.8*** |
| 4.. | Шуми на верски заедници | 7,496 | 1.2 |
| | **Вкупно:** | **615,261** | **100.0** |

Извор: Попис од 1938 г.

*Таб.2. Шумите во Македонија според површината и видот на сопственост, 1961; 1979 г.)*

| **Година** | **Површина (ha)** | **Шумовитост (%)** | **Шуми по 1 жител (ха/по жител)** | **Вкупна дрвна маса (1000 $m^3$)** | **($m^3$/ха)** | **Прираст (1000 $m^3$)** | **Прираст ($m^3$/ha)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 887,517 | 34.5 | 0.63 | 62,840 | 70.8 | 1,203 | 1.36 |
| 1979 | 905,653 | 35.2 | 0.47 | 74,343 | 82.1 | 1,829 | 2.02 |

Извор: Попис од 1961, 1979 г.







*Графикон 1 и 2. Хронолошки преглед на државните и приватните шуми, 1938-2006*

Според пописот од 1961 г., севкупната површина под шума на Македонија изнесувала 887.517 ha или 34,5% од земјата. Дрвната резерва била проценета на 62.800.000 м³ и 70,8 м³/ha во просек. Вкупниот годишен прираст изнесувал 1.203.000 м³, или 1,36 м³/ha во просек. Пописот од 1979 покажал дека биле пошумени 905.653 ha површина под шума и 35,2% од вкупната територија на државата. Дрвната резерва изнесувала 74.343.122 м³ и 82,1 м³/ha во просек. Вкупниот годишен прираст изнесувал 1.829.000 м³ или 1,36 м³/ha во просек.

Според НСОРШ од 2005 г., вкупната површина под шуми и шумско земјиште изнесува 1.159.600 ha, од кои вкупна површина под шуми има 947.653 ha. Вкупната дрвна маса е 74.343.000 м³, а вкупниот годишен прираст – 1.830.000м³ со просечен годишен прираст на хектар од 2,02 м³. До 1990 година, првите пошумувања на голини изнесуваат 140.000 ha. Шумите во државна сопственост опфаќаат 90,14% од вкупната површина, додека нивното вкупно учество во дрвната резерва изнесува 92,2%. Приватните шуми зафаќаат 94.146 ha, или 9,86% од вкупната површина под шума и учествуваат со 7,8% во вкупната резерва на дрвната маса.

Шумарството како стопанска гранка учествува во бруто домашниот производ со 0,3-0,5% (2005 г.).Дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија, целулоза и др.) изнесува 2,5-3% од бруто домашниот производ (2005 г.).

Планираниот сечив етат во изминатите 10 години изнесува околу 1,300,000 м³, а се користи околу 70% од истиот. Од вкупно произведените шумски сортименти, огревното дрво учествува со 80-85%.

Според Акциониот план за стопанисување со шуми 2003 г., вкупната површина под шума изнесува 903 586,9 хектари, или 35,1% од земјиштето е под шуми или шумски култури.

Статистиките од 2001 година наведуваат дека има 387.374 хектари земјиште под шума. Статистиките од 2006 година пак наведуваат дека вкупното земјиште под шума изнесува 955,228 хектари, од кои 857.805 хектари се во државна, а 97.423 хектари се во привтна сопственост. Вкупната површина под шума се проценува на 1.400.000 хектари.

Како што може да се види, официјалните извори на информации даваат различни податоци за шумското земјиште. Очигледно е дека нема доволно соодветни информации за приватните шуми. Сепак, во Македонија несомнено постои тренд на зголемување на површината под шума. Тоа воглавно се должи на а) пошумување и планирање; б) миграции во урбани области, и в) намалување на добиточниот фонд (особено кози).

Според Плановите и програмите за стопанисување и управување со шуми со стопанска и посебна намена, 65,6% од шумите се под нискостеблени шуми и шикари. Нивната дрвна маса изнесува 51.542.609 м³ или 39,6% од вкупната. Просечната дрвна маса од 96,4 м³/ha е на ниско ниво во споредба со европската и укажува на општ низок квалитет на шумите во Македонија. Тоа е резултат на историски, општествени и економски фактори. Во Македонија шумите општо, а особено нискостеблените шуми, биле изложени на трајно деградирање и опустошување. Сепак, откако институциите почнаа да се бават со стопанисување со шумите се бележи подобрување. Оваа тенденција се забележува во изминатите 50 години иако постојат одредени регионални разлики во застапеноста на шумите. Во Свети Николе застапеноста изнесува 14,8%, во Прилеп 15,6%, во Куманово 16,5%, во Кратово 17,7%, во Пробиштип 53,5%, во Крушево 54% а во Струмица 55,9%. Најмала застапеност на шуми има во централниот дел на државата. Најквалитетните шуми се наоѓаат во западниот дел (Гостивар, Кичево, Брод и Битола), во источниот дел (Берово, Кочани, Виница и Струмица) и во централните и јужни делови од земјата (Кавадарци и Гевгелија). Неодамна се изврши пошумување на 217.850 хектари земјиште. Голините пак се застапени со 21,1% во Штип, 16,8% во Кочани, 14,9% во Битола и 14,5% во Крива Паланка во однос на нивната вкупна површина.

Процентуалноста на шумите во однос на нивната височина е исто така различна. Околу 4% од површините под шума се на 200 метри височина, 10,8% помеѓу 200 и 500 метри височина, 43,7% меѓу 500 и 1000 метри височина и 8% се над 1.500 метри височина.

Од површините под шума, 3,2% се земјиште со кое не се стопанисува. Сепак, НСОРШ планира да ги вклучи и тие земјишта во стопанисувањето. Од вкупното земјиште под шума, 240.255 haили 26,6% се високостеблени шуми, 509.778 ha или 56,4% се нискостеблени шуми, 82.869 ha или 9,3% се деградирани шуми, а 3,7% се млади насади на возраст од под 20 години. Уделот на високостеблени шуми е 74,4% во Берово, а во Крива Паланка е 59,7%.

Шумите со кои се стопанисува имаат вкупна дрвна маса од 87 милиони м³ или во просек 95,5 м³/ha. Високостеблените шуми учествуваат со вкупно 52 милиони м³ или во просек 216 м³/ha. Нискостеблените и деградираните шуми учествуваат со вкупно 34 милиони м³ или во просек 57 м³/ha, а младите насади со 1 милион м³ или 34 м³/ha.

Вкупниот годишен прираст кај шумите со кои се стопанисува изнесува 2 милиони м³ или 2,2 милиони м³/ha. Кај високостеблените шуми, просечниот прираст е 4,2 м³/ha, додека пак кај нискостеблените и деградираните шуми тој изнесува 1,5 м³ha. Овие податоци укажуваат на низок квалитет и слаба продуктивност на шумите.

Во однос на дрвната маса и површината, најдоминантни видови дрва се широколисните видови, буката и дабот. Буката опфаќа 44,4% од вкупната површина под шума, а дабот 40%. 58,7% од вкупната дрвна маса е бука а 24,5% е даб, поради тоа што поголемиот дел од високостеблени шуми се букови шуми. Нивната дрвна маса и годишен пораст се двојно поголеми од дабовите шуми. Дабовите насади честопати се

нискостеблени или деградирани чуми. Тие се во ридестите или планинските области на земјата и близу до населените места. Во минатото тие биле изложени на притисок од страна на човекот (види графикон 5).

Во однос на нивната примарна намена, законот за шуми ги класифицира шумите во две групи: а) шуми со стопанска намена т.е. економски шуми (производство на дрво) и б) шуми со посебна намена. Шумите со намена за производство на дрво опфаќаат 789.881 ha или 92.3% од шумите со кои се стопанисува. Шумите со посебна намена се простираат на 65.789 ha или7,7% од шумите со кои се стопанисува. Во оваа категорија доминираат Државните паркови со 53.273 ha. Останатите се заштитени шуми, кои опфаќаат 8.920ha и други шуми со посебни намени кои покриваат 3.596 ha.

Во однос на сопственоста, приватните шуми се простираат на 125.872 ha, додека пак државните покриваат 861.502 ha (Извор: податоци од Државниот завод за статистика, 1996, види графикон 3). Според плановите за стопанисување, државата поседува 903.587 ha.




*Графикон 3. Сопственост на шуми според Статистичкиот извештај од 31.12.2005 г.*

Стратегијата за одржлив развој на шумарството планира да го разреши проблемот со несигурните статистички извори за шумите (2005).

Природните процеси на регенерација се прикажани преку зголемените бројки на површините под шума, додека статистиката пак наведува дека има намалување на пошумени области.

Несигурните податоци се однесуваат првенствено на шумите во приватна сопственост, и во идната инвенторизација треба да се обрне особено внимание на тоа (НСОРШ 2005).

Сепак, податоците покажуваат дека вкупната површина на земјиште под шума изнесува околу еден милион хектари.

Шумите во приватна сопственост се најчесто мали површини со мало производство на дрво. Во државата има околу 220.000 приватни шумски парцели кои ги поседуваат 65.000 семејства. Просечната површина по имот изнесува 0,6 хектари.

# 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРИВАТНИ СОПСТВЕНИЦИ НА ШУМИ

## *3.1. Историјат на организирањето на сопствениците на приватни шуми*

Според податоците од периодот на Отоманската империја, пред Првата светска војна, на територијата на денешна Р. Македонија не постоеле организирани структури на сопственици на приватни шуми. Причините биле следниве:

- Во Отоманската империја на постоеле права за приватна сопственост на шумско земјиште
- Постоењето на приватни организации не било дозволено.

По Втората светска војна, кога започнал процесот на планирање, организирање и стопанисување со шуми, сопствениците на приватни шуми немале соодветни можности да се организираат во рамките на „социјалистичкото“ шумарство.

Помеѓу 1947 и 1949 година во државното шумарство постоела категоријата „Селски шуми“. Таа не била законски определена, но била воведена како судска одлука. Овие шуми се користеле за потребите на селата, за градење мостови и згради за јавна употреба.

До 1990, сопствениците на приватни шуми имале ограничени права за донесување одлуки и делување во своите сопствени шуми. Општинското собрание и инспекторите на општинските шуми биле оние кои давале одобрение за сечење на приватните шуми и други одлуки и услуги.  Од 1990 година овие надлежности ги презема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Мотивите за активно да се вклучат приватните шуми во активностите за планирање и стопанисување се поврзани со реформите што се воведени по осамостојувањето на државата. Во шумарството, претежно Законот за шуми од 1997 година изврши влијание по ова прашање.

Организацијата на сопственици на приватни шуми во Македонија датира од јануари 1998, кога беше регистрирана првата граѓанска организација на сопственици на шуми, под името „Здружение за заштита на интересите на сопствениците на шуми“.

Причината за заживувањето на сопствениците на приватни шуми и регистрирањето на нивното прво здружение е резултат на политичката промена комбинирана со правилата на Законот за шуми од 1997 година. Други закони исто така имаа влијание, како законите за права на сопственост и денационализација. Како што се зголемува бројот на членови на Националната асоцијација, така се јавуваат сè повеќе и повеќе регионални ограноци. Иницијативата за воспоставување на првото здружение произлезе од Берово од семејствата и сопствениците на најголемите шумски парцели од над 25 ha. Првото здружение започна со едно *ad-hoc* движење на некои 400 сопственици на шуми. Тие поднесоа петиција до државните институции поради високите такси и давачки. Повеќето од нивните барања беа исполнети и тоа им даде дополнителен мотив на сопствениците на шуми да се организираат. Ова движење резултираше со регистрирање на првото здружение во Куманово во 1998 г., а г-дин Бранко Скендерски беше избран за претседател. Потоа организацијата почна да воспоставува општински ограноци.на здружението. На Годишното собрание што се одржа во Крушево во 2004 г. учествуваа 195 членови од 9 општински ограноци. Истата година здружението учествуваше во работилница во Замарди,

Унгарија на тема „Помош за секторот за приватно шумарство во Централна и Источна Европа“, каде го претставуваа секторот за приватно шумарство во Македонија.

Во меѓувреме Здружението исто така придонесе и во креирањето на првата шумската политика во Македонија.

Од јули 2006 г., НАСПШ добива значајна помош и поддршка во зголемувањето на членството и организациските способности од страна на Холандската агенција за развој (SNV). Во изминативе две години значително е зголемен вкупниот број на ограноци и членови. Постојат 5 регионални канцеларии и 23 општински ограноци. Развојот на визијата и работната програма се фокусира на процесот на реформирање на шумарството.

## *3.2. Организираност на сопствениците на приватни шуми*

Од јуни 2007 г., сопствениците на приватни шуми се организирани на национално ниво во форма на Национална асоцијација на сопственици на приватни шуми во Македонија. Таа е наследник на Здружението за заштита на интересите на сопствениците на шуми.

Мотивите за формирање на Здружението беа незадоволството од политиката неразрешените проблеми-прашања од областа на приватнот шумарство и подобро претставување на интересите на оваа група. Тие можеа да обучуваат водачи на национално ниво и до одредено ниво да бидат вклучени во формулирањето на шумската политика.

По формирањето на Здружението на сопственици на приватни шуми во 2004 г., тие постигнаа резултати преку активно учество во подготовката на НСОРШ, којашто беше изготвена во 2005 г., а усвоена во јуни 2006 г. Во неа беа прифатени сугестиите на Здружението.

Во изминатите неколку години Асоцијацијата воспостави соработка со бројни меѓународни организации и други асоцијации на сопственици на приватни шуми, особено во соседните држави. Тие одржуваат работни контакти со CEPF, EFI, СОРОС и Светска банка. Од јули 2006 г., НАСПШ е директно помогната во зголемувањето на членството и организациските способности од страна на SNV. По успехот на првиот тест период на заедничка работа, тие се согласија да продолжат со соработката и во 2007 г.. Во 2008 г., Асоцијацијата и SNV Македонија потпишаа Меморандум за разбирање во кој се согласија на заедничка соработка во периодот од 2008-2010 година.

Табела 3 го покажува порастот на членството на Асоцијацијата. Бројот на членови на Асоцијацијата постојано расте. Последните податоци од мај 2008 г. покажуваат дека брои 847 членови. Најголемиот број од нив се во берово и Радовиш, а најмалиот од во областа на Кратово и Ресен.

*Таб.3 Развој на членството на Националната Асоцијација на Сопственици на Приватни Шуми во Република Македонија*

СТРУКТУРА И ЧЛЕНСТВО НА НАСПШ

| | | Членови | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дебарца | | | | | | | | | | 25 | 43 | 43 |
| 2 | Македонски Брод | | | | | | | | | | 12 | 23 | 27 |
| 3 | Велес | | | | | | | | | | 13 | 47 | 47 |
| 4 | Богомила | | | | | | | | | | 14 | 135 | 135 |
| 5 | Пробиштип | | | | | | | | | | 9 | 9 | 14 |
| 6 | Радовиш | | | | | | | | | 7 | 92 | 89 | 89 |
| 7 | Конче | | | | | | | | | | | 19 | 19 |
| 8 | Свети Николе | | | | | | | | | | 10 | 25 | 25 |
| 9 | Прилеп | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 10 | Кичево | | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 9 | 9 | 9 | 15 | 30 | 34 |
| 11 | Гостивар | | | 6 | 8 | 11 | 25 | 32 | 33 | 39 | 56 | 56 | 56 |
| 12 | Крива Паланка | 6 | 8 | 8 | 8 | 9 | 11 | 11 | | | 11 | 11 | 11 |
| 13 | Виница | 3 | 6 | 12 | 15 | 15 | 15 | 15 | 21 | 30 | 30 | 30 | 30 |
| 14 | Кавадарци | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 | 9 | 9 | 9 | 16 | 24 | 73 | 73 |
| 15 | Пехчево | | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 | 7 | 7 |
| 16 | Куманово | 8 | 8 | 11 | 15 | 21 | 21 | 21 | 31 | 31 | 33 | 44 | 44 |
| 17 | Берово | 17 | 26 | 47 | 49 | 49 | 54 | 74 | 79 | 87 | 103 | 143 | 143 |
| 18 | Струга | | | | | | | | | | 7 | 7 | 7 |
| 19 | Делчево | | | | | | | | | | 3 | 17 | 17 |
| 20 | Струмица | | | | | | | | | | | 7 | 7 |
| 21 | Ново Село | | | | | | | | | | | | 9 |
| 22 | Кратово | | | | | | | | | | 2 | | 1 |
| 23 | Останати членови | | | | | | | | | | | | 1 |
| | Вкупно | 47 | 74 | 111 | 122 | 130 | 154 | 184 | 195 | 232 | 474 | 823 | 847 |
| | Година | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |

*Извор: Национална асоцијација за приватни шуми – НА „Приватни шуми“*

Во 2008 година Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми е организирана на следниов начин: централната канцеларија на Асоцијацијата се наоѓа во Берово, а ограноци има во Кавадарци, Кичево, Радовиш и Куманово (види графикони 4,5).




*Графикон 4. Ограноци на НАСПШ во 2008.*




*Графикон 5.Распределеност на шуми според видови на силвикултура и ограноци на НАСПШ (1 - Берово, 2- Кавадарци, 3 – Кичево, 4- Куманово, 5 – Радовиш.)*
*(High forests = високостеблени шуми; Coppices = нискостеблени шуми; Degraded forests and shrubs = деградирани шуми и шикари; forest plantation = насади на шуми; bare land = голини)*

Засилените активности на Асоцијациите ги поддржува SNV, фокусирајќи се на спроведувањето на националната стратегија за шумарство. Во краткиот период од 2006 до 2008 година, НА ги зголеми своите способности, членство и партнерства. НСОРШ ги

дефинираше визијата, целите и акциите за следните 10 години за да помогне во спроведувањето.

Главната визија на Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми е **Заштитата на индивидуалниот и заеднички интерес на сопствениците на приватни шуми без нарушување на одржливото стопанисување со шумите.**

**Генералните цели за натамошни акции** се поделени во 5 теми. Секоја цел се однесува на посебно прашање, и тоа:

Цел1: Постигнување одржливо стопанисување со приватните шуми преку:

- Подобро планирање на стопанисувањето
- Подобар увид и заштита на приватните шуми
- Подобри услови и услуги за стопанисување со приватни шуми
- Мониторинг
- Валоризација на општокорисните функции на шумите
- Завршување на процесот на приватизација
- Праведни катастарски решенија, идентификување на приоритетите за јавните и приватните вредности на шумите
-

Цел 2: Јакнење на капацитетите на НАСПШ

- Здружението да стане застапник на сите сопственици на приватни шуми
- Постигнување ефикасност во внатрешната структура и обезбедување финансиска стабилност
- Информирање и едуцирање на членовите
- Развивање натамошни услуги за членовите (планирање на стопанисувањето, ознака за сеча, сеча, транспорт, маркетинг и правно советување)

Цел 3: Учество во подготовката на новиот Закон за шумите (2008)

- Услуги во приватните шуми базирани врз пазарни услови
- Создавање на фонд за управување со шуми
- Еднаков третман на шумите во државна и приватна сопственост

Цел 4: Децентрализација во управувањето со шумите

- Поддршка на општините во преземањето на надлежности за стопанисување со државни шуми

Цел 5: Развој на партнерство и соработка со релевантни организации и институции во земјата и странство
- Соработка со сите заинтересирани страни инволвирани во шумарството и природата
- Соработка и членство во меѓународни организации

**Краткорочни цели и политики на Асоцијацијата (НАСПШ 2007 г.):**

- Реформи во планирањето на стопанисувањето, заштитата на шумите, состојбата на приватните шуми,
- Способност за раководење на активностите (шумски пожари и нелегални дејства)
- Измени на Законот за шумите
- Крај на приватизацијата
- Воспоставување лоби-групи од членовите на асоцијацијата и шумарството
- Зајакнување на партнерството со владата
- Изнаоѓање дополнителни извори на финансирање
- Изготвување и спроведување на пилот проекти за приватни шуми (семејни бизниси, проекти за употреба на шумска биомаса за генерирање енергија).

**Среднорочни цели и политики на Асоцијацијата (2007 г.)**

Среднорочни цели за следните 5-10 години по новиот Закон за шумите се:

- Акција за спроведување на Законот за шумите
- Зајакнување на способностите на НА во сите активности
- Помош во разрешувањето на проблемите со Катастарот
- Справување со финансиските прашања на Асоцијацијата
- Развој на студиска и основна проектна документација за рурален развој и туризам
- Поагресивна домашна и меѓународна активност
- Воспоставување на експертски тела во НА
- Организирање на помали бизниси во поголеми форми на здруженија
- Зголемена примена на маркетингот, истражувањата и јавните односи на Асоцијацијата
- Развивање на информативните системи на НА
- Трансформирање на државното шумарство

**Долгорочни цели и политики на Асоцијацијата (2007 г.)**

Долгорочните цели за следните 20 години се во согласност со НСОРШ и нејзиниот Акционен план за спроведување, и се следниве:

- Постојан мониторинг на спроведувањето на Законот за шумите
- Постојана поддршка и соработка со стратешките цели на НАСПШ и стратегијата за одржлив развој
- Поддршка и воспоставување тела кои ќе учествуваат во изработката на планови за развој на шумарството, какви што се руралниот развој или заштитата на природата, за да се изврши осврт на релевантни прашања од областа на приватните шуми
- Зајакнување на капацитетите на НА на државно и меѓународно ниво
- Зајакнување на статусот, местото и улогата на НА во Шумарската Комора
- Изнаоѓање извори за финансирање проекти
-

**План за остварување на општите стратешки цели на НАСПШ за 2008-2009 година**

НАСПШ подготви предлог-активности за периодот од мај 2008 до мај 2009 година во согласност со НСОРШ и Акциониот план за спроведување во април 2008 г.

**Стратешки цели на НАСПШ**

- Одржливо стопанисување со шумите со регулирани права на сопственост
- Јакнење на капацитетите и структурата на НАСПШ
- Активно учество и поддршка на шумарството – базирано на Стратегијата за одржлив развој
- Децентрализација во управувањето со шумите во Р.М.
- Превентивно и директно делување во заштитата на шумите
- Развој на партнерство и соработка со релевантни организации и институции во земјава и странство

**Планирани активности**

1. Контролата над стопанисувањето со шуми треба да стапи на сила со закон и да биде поддржана од државата кога се работи за шуми и во државна и во приватна сопственост.
2. Трансформација и реорганизација на ЈП „Македонски Шуми“, во функција на одземање на монополската положба во управувањето и стопанисувањето со приватните шуми. ЈП „Македонски Шуми“ ќе се залага да се занимава со дејноста за која е формирано, а тоа е Одржливо стопанисување со државните шуми.
3. Со стапувањето на сила на **новиот Закон за шумите** – функцијата на државата на управувач и сопственик на шумите треба да се одесува само на државните шуми. Приватните сопственици ќе стопанисуваат со приватните шуми преку разни здруженија, притоа користејќи меѓународни искуства.
4. НАСПШ се обидува да го изедначи третманот на приватните и државните шуми преку државните институции.
5. Предлози за воведување лиценци за извршување на одредени дејности во шумарството или за услуги во приватните шуми, или за подготовка на планови за стопанисување
6. Воведување Национален шумски фонд за размена на приватно земјиште со државно шумско земјиште
7. Подобрување на катастарот во подетален јавен регистар
8. Залагање за зајакнување на административниот и технички капацитет на Државниот Инспекторат за Шумарство и Ловство и Шумската Полиција, со цел да се подобри ефикасноста на нивната контрола, како во приватните така и во државните шуми. Инспекторатот треба да изнајде законска рамка со која на сите ќе им врши наплата за продажбата на дрвната маса.
9. Еднаков третман на шумите во приватна и државна сопственост при обезбедувањето финансиска поддршка од државата. Компензација на приватните сопственици за улогата на шумите во заштита на природата и одржливиот развој на шумарството.
10. Постигнување финансиска стабилност на Асоцијацијата.
11. Соработка со државни институции од областа на шумарството при организирање курсеви за  за бизнис и шумарство за сопствениците на приватни шуми
12. Соработка со слични организации во Македонија. Членство во меѓународни организации и асоцијации поврзани со шумарството за размена на информации.

**Најважните активности постигнати во периодот од 2006 до 2008 година од страна на НАСПШ во соработка со SNV се:**

- Основање на нови ограноци на НАСПШ во Македонија и организациска подобреност
- Основање на Националната Асоцијација во 2007 година
- Развој и издавање на официјален весник на Асоцијацијата – ЗЕЛЕНА ЗОНА - 2007-2008
- Развој и адаптација на официјалната веб страна на Асоцијацијата -2008 – види www.naps.com.mk
- Подобрување на образовните капацитети и знаења за стопанисување. Комуницирање со членовите на Асоцијацијата за учество во семинари, работилници, организирани посети надвор од Македонија (Албанија, Австрија, Ерменија, со организации на локално и државно ниво итн.) – 2007-2008
- Проект за разделување на приватните од државните парцели под шуми и развој на посебен план за управување со приватните шуми – 2007 г.
- Организирање на три семинари за обука на членовите на Асоцијацијата за превенција и гаснење на шумски пожари
- Финансиска поддршка од SNV за одржувањето на пет регионални канцеларии – 2007, 2008 г.
- Финансиска поддршка за НАСПШ за вработување на хонорарно лице кое ќе ги координира активностите на асоцијацијата – 2008 г.
- Обезбедување техничка поддршка за НАСПШ и учество во Националната управна група во „Приватно и општинско шумарство – развивање соживот врз основа на сигурни сопственички права во одредени земји на Југоисточна Европа (SEE)“. Проектот е финансиран од Светската Банка, а во Македонија е имплементиран преку проектните партнери НАСПШ и МЗШВ.

Во периодот 2004-2008, на своја иницијатива а со помош на меѓународни организации, НАСПШ учествување на межународни семинари, конференции и работилници.

# 4. ТЕКОВЕН РАЗВОЈ НА ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОТО ШУМАРСТВО

Во Македонија шумите се организирани во 190 Планови за планирање и стопанисување. Плановите за стопанисување со сите шуми се изработуваат на секоја 10 година. Државните и приватните шуми се подеднакво обврзани да ги имаат плановите за стопанисување. Плановите ги изготвува овластена организација – Секторот за уредување на шуми и проектирање, кој функционира во рамките на ЈП „Македонски шуми“. Најпосле плановите ги одобрува МЗШВ.

Приватните шуми се застапени на 220.000 парцели, во просек 0.4 ha/сопственик. Со Законот за шуми од 1997 година се дава можност, група на сопственици кои имаат над 100 ha површина шума сами да си изнајдат квалификуван персонал кој ќе им изработи нивни посебни планови за стопанисување. Досега оваа можност не е искористена и затоа е сè уште само теоретски спроведена. Според тоа, сопствениците на шуми не

учествуваат во изработката на плановите. Сите услуги за сопствениците на приватни шуми, како што се ознаката или издавањето на дозволи за транспорт, од 1998 се во надлежност на ЈП „Македонски шуми“. До 1998 година, услугите за приватни шуми беа во надлежност на МЗШВ. Според Трендафилов (2008 г.), тоа функционирало подобро од денешниот систем, поради конфликтот на интереси на ЈП како стопанисувач и понудувач на услуги во исто време. Промената произлегла од мал број на вработени.

Од почетокот па сè до денес, планирањето и стопанисувањето со шумите во приватна сопственост е најзначајниот проблем во приватното шумарство. Според Трендафилов и Скендерски (2008 г.), други проблем-прашања што треба да се разрешат се:

- Ограничено право на користење на сечивиот етат

Сопствениците на приватни шуми не можеле да ги користат квотите што биле дозволени како и за ЈП „Македонски шуми“. Се вршело ограничување на одобрувањата бидејќи биле конкуренција на државното шумарство. Од таа причина, дрвната маса што е означена за сеча е под нивото на етатот назначен во плановите за стопанисување. Ова е злоупотреба на државната власт и нефер конкурентност.

- Високи такси и давачки за вршење на услуги во приватни шуми од страна на ЈП „Македонски шуми“, и различна висина на цените на истите услуги иако постои единствен признаен ценовник на ЈП.

Досега, сопствениците на приватни шуми беа во постојана борба да престанат со плаќањето на услуги на ЈП „Македонски шуми“ кои се законски пропишани за сопствениците на приватни шуми. Новиот закон треба да го разреши овој проблем. Всушност, ценовникот што се применува во различни општини е различен. На овој начин, ЈП не ги почитува пропишаните регулативи и ја злоупотребува својата монополска улога на понудувач на услуги.

- Бирократско и нетранспарентно понудување на услуги во приватните шуми

Постои селективен пристап во разгледувањето и одлучувањето по барањата за ознака на сопствениците на приватни шуми и издавањето на дозволи за транспорт. Постои голема нетранспарентност во одлуките, како и долго чекање за решавање на барањата.

- Недоследност во примената на регулативите за шумарството (сеча, ознака, адмисистрација итн.)
- Ограничени права за вклучување во пазарот и трговијата на приватното шумарство.

Спроведувањето на активностите на сопствениците на приватни шуми во поглед на дрвниот пазар беше отежната од страна на ЈП „Македонски шуми“. На тој начин, претпријатието се бори со можната конкуренција и ги злоупотребува монополската позиција и власт што ги има.

- Незадоволство од услугите на Катастарот

Расцепканост на парцелите ја многу ја отежнува ознаката на границите. Затоа трговјата со шуми и наследувањето на шуми се многу тешки да се спроведат во пракса. Сепак, овие проблеми се однесуваат и на други форми на користење на земјиштето, како и на целиот земјоделски сектор, дури и на урбаните области.

Катастарот е општ проблем во Македонија и потребна е соработка на различни индивидуалци и институции. Во последните 2-3 години се постигна некаков напредок, но сепак многу проблеми останаа неразрешени.

- Нееднаков статус на сопствениците на приватни шуми со единиците за стопанисување со државни шуми пред владините институции и Јавното Претпријатие.

Сопствениците на приватни шуми не се вклучени во процесот на изработка на плановите за стопанисување со шумите, во креирањето на шумарската политика, во репродукцијата на шумите и нејзиното финансирање. Да се разгледаат претходните примери, проблемите со регулативите во однос на пазарот и стопанисувањето и случајот на злоупотреба на улогите на ЈП во надлежноста и стопанисувањето.

- Активно учество во подготовката на регулативи и нивното спроведување.

Во историјата на македонското шумарство прв пат дојде до позитивни промени кога претставниците на НАСПШ активно учествуваа во создавањето на НСОРШ во 2005 година и новиот Закон за шумите во 2007 г. Сопствениците на приватни шуми треба и понатаму активно да учествуаат во планирањето и пред-преговорите за други регулативи како што се руралниот развој, заштитата на природата и други прашања поврзани со приватните шуми. Соработката треба исто така да ги почитува и принципите на партнерство.

Во февруари 2005 г., со цел да се помогне приклучувањето кон ЕУ, Владата започна процес на формулирање на Национална стратегија за одржлив развој на шумарството (НСОРШ). Процесот се засноваше на принципите за отворено учество и меѓу-секторска соработка, зголемена употреба на експертиза од заинтересираните страни и општествените групи. НАСПШ беше поканета на сесиите на работните групи и развојот на стратегијата.

Оттогаш, најголемото постигнување беше активното учество во изработката на нацрт - Законот за шуми од април до август 2008 г. Асоцијацијата назначи двајца свои претставници на работните сесии во процесот на изработка на нацртот. На 18 април 2008 г., во канцеларијана на SNV во Македонија се оджа состанок за предлог-нацртите. Резултатите им беа испратени на сите регионални и општински канцеларии на Асоцијацијата. На 5 мај 2008, претставници на Асоцијацијата одржаа состанок со работната група на МЗШВ и ги дискутираа предлозите за промени на Законот за шуми.

Од јуни до август 2008 г., во соработка со SNV, НАСПШ организираше регионални работилници за промените на Законот за шуми. Следниве активности беа спроведени:

- Подготовка на нацртната верзија на новиот Закон за шуми, до крајот на мај 2008 г.
- Нацртната верзија на Законот за шуми беше доставена до членовите во елекронска и пречатена верзија во јуни 2008 г.
- Нацртната верзија беше објавена на веб страниците на МЗШВ, НАСПШ и други
- Се одржаа две национални и пет регионални работилници за Нацртната верзија до средината на август 2008 г.
- Последните коментари за нацртната верзија би требало да се завршени до крајот на август 2008 г.

Во соработка со МЗШВ, SNV покани двајца меѓународни специјалисти по шумарско право да учествуваат во процесот:

- Г-дин Питер Хербст од Австрија, и
- Г-дин Растислав Сулек од Словачка.

Консултантите извршија преглед на постоечкиот Закон за шуми од 1997 г. и го дадоа својот прв придонес кон коментарите за нацртот на 22-25 април 2008 г., за време на нивната посета во Македонија. Беше договорено дека коментарите ќе содржат и прашања - препораки од Европската комисија.

Сугестиите за промени беа фокусирани на следниве прашања:

- Планирање на стопанисувањето;
- Функции на шумите и валоризација на нивните ефекти;
- Прашања поврзани со стопанисувањето на шумите;
- Лиценци;
- Репродукција на шуми итн.

# 5. ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ И ШУМАРСТВОТО ВО НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА И СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ШУМАРСТВОТО

## *5.1. Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (НСОРШ)*

Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Македонија беше изработена во 2005 г. а усвоена од парламентот во 2006 г.. Таа е основа и подготовка за сите поголеми одлуки во однос на шумарството во следните 20 години. Изработката на стратегијата беше помогната од страна на проект на ФАО – TCP/MCD/3002 (A) – „Институционален развој и јакнење на капацитетот на шумарскиот сектор и под секторите на дрвната индустрија во Македонија“.
Целите и мерките наведени во Акциониот план за спроведување се однесуваат на сите шуми во државата. Стратегијата е добра основа за напредок и дава преглед на условите за резвој на приватното шумарство. НАСПШ имаше активна улога во нејзиниот развој. Иако во овој документ има многу малку прашања што се однесуваат особено на шумите во приватна сопственост (пр. Поглавје 4.3, Стопанисување со приватни шуми), сепак тој служи како основа за развој на стратегијата за сопственици на приватни шуми (НАСПШ 2006 г.).

Во Македонија не постоеја иницијативи за да се разрешат проблемите во приватното шумарство во периодот пред да стапи на сила Законот за шуми во 1997 г., а првата асоцијација се формира во 1998 г.. Една од причините беше, општо земено, неповолната состојба на шумите во приватна сопственост, што доведе до недоволен интерес да се разрешат проблемите.

Во Стратегијата, шумите[1] воглавно се сфаќаат како ресурс кој дава материјални добра, како дрво и други шумски производи (лековити растенија, печурки, плодови, дивеч итн.). Покрај економската функција, шумите имаат и други функции како одморот и релаксацијата, заштитата на биодиверзитетот, контролата на ерозија, ублажување на климатските промени и заштита на водите. Мора да се спомене и производството на кислород  и подобрувањето на квалитетот на животната средина. Во последната декада особено големо значење добива улогата на шумите во врзувањето на јаглеродниот диоксид како еден од гасовите кои придонесуваат за ефектот на стаклена градина. Овие и други значајни функции на шумите се во корелација со нивната состојба (пр. нивната структура, површина и квалитет). Економската, социјалната и еколошката функција на шумите се од големо значење за одржливиот развој на општеството и подобрување на квалитетот на живот, особено во руралните и планински подрачја.

Во Стратегијата, на шумите се гледа како на националното наследство на младата република[2]. Во првите години на независноста, Република Македонија влезе во многу тежок транзициски период во кој требаше бргу да го реконструира економскиот и политички систем, за време на многу комплесна општествена и економска ситуација.

Бројните негативни појави што имаа влијание врз развојот на општеството и економијата се одразија и на шумарството. Шумарството воглавно се најде во многу лоша финансиска состојба.

Во моментов, друг стратешки документ за шумарството е Просторниот план на Република Македонија (2004г.), каде стратешките цели за развојот на шумите се формулирани до 2020 г., но главно со акцент во областа на пошумувањето и одгледувањето на шуми. Исто така постои и стратегија за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството за периодот 1995-2010 година. Сепак, таа се смета за неефикасна за соодветниот развој на шумарството (Трендафилов 2008 г.).

Политичките и економските промени во Република Македонија во согласност со евроинтеграциските процеси, налагаат приоритети и фокусирање кон општокорисните функции на шумата. Тоа ќе значи дека во стопанисувањето ќе се интегрираат и други аспекти како заштитата, биодиверзитетот и грижата за природата, кои ќе станат многу поважни. Истовремено, Македонија е потписник на многу меѓународни договори и конвенции за заштита на шумите и животната средина кои влијаат врз шумскиот сектор. Ориентацијата на земјата кон Европската Унија бара усогласување на шумарската политика со регулативите на ЕУ кои се однесуваат на шумарството. Во основа, тоа значи мултифункционално стопанисување со шуми и развој на модерни индустрии кои како основа го имаат шумарството. Стратегијата е изготвена за да помогне во постигнувањето на овие цели во Македонија на тој начин што ќе се осврне на проблемите во македонското шумарство.

[1] Шума – земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, како и шумски голини и ливади, шумски патишта, шумски расадници и други површини кои се тесно поврзани со шумите. (Закон за шуми, 1997, член 3)

[2] Уставот на Република Македонија го потврдува следново: „Сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита“. Устав на Република Македонија, член 56, став 1.

### 5.1.1. Визија, генерални цели и насоки на Стратегијата

Визија

Поттикнати од економската важност на шумите, активностите на шумарскиот сектор ќе бидат конкурентни и прилагодливи кон постојано променливите побарувања на пазарот. Согласно капацитетите, шумарството ќе обезбедува услови и ресурси за одржлив економски развој на секторот.

Површините под шуми постојано ќе се зголемуваат преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови. Одгледувањето и заштитата на вештачки подигнатите шуми ќе бидат навремени и соодветни, со што ќе се обезбедат биолошки и економски квалитетни шуми. Деградираните шуми и шикари интензивно ќе се преведуваат во високи шуми. Почитувањето на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување сосем ќе ги искоренат бесправните сечи и другите штетни активности во шумарството. Активностите во овие четири сегменти ќе придонесат за зголемување на севкупната дрвна маса и подобрување на квалитетот на шумите и дрвото.

Стопанисувањето со други шумски производи ќе носи значителни економски добивки за шумарскиот сектор и за државата, а ќе биде соодветно регулирано со легислатива. Современата инфраструктура и придружните објекти за собирање, обработка и пакување на другите шумски производи ќе обезбедат конкурентност на производите на европскиот пазар. Ќе се почитуваат биолошките капацитети и ќе се ограничат можностите за прекумерно користење, со што ќе се заштитат економски и еколошки вредните видови и биодиверзитетот.

Државата ќе ги признае и стави во правни и економски рамки општокорисните функции на шумата, со што ќе ја подобри и стабилизира позицијата на шумарството во општеството.

Посебно внимание ќе се посветува на зачувувањето и заштитата на шумите. Ова е значајно за биодиверзитетот воопшто, но ќе обезбеди и социјални, економски и културни придобивки за граѓаните на Македонија.

Македонија ќе биде популарна дестинација за рекреативен, спортски, екотуризам и висококомерцијален ловен туризам со што ќе се остварува значителен прилив.

Ќе постои ефикасен систем за рано известување, тревожење и супресија на шумски пожари, а државата преку современа карантинска служба ќе обезбеди ефикасна превентивна заштита од интродуирани штетници и патогени.

При стопанисувањето со шуми ќе се користи напредна технологија. Ќе постои тесна соработка со научнообразовните институции при доквалификација, специјализација и применети истражувања.

Преку висококвалификувани претставници од државни и невладини тела, шумарството ќе членува во сите значајни меѓународни организации и активно ќе учествува во размената на знаења и искуства.

Шумарскиот сектор ќе вработува квалификуван кадар, раководењето ќе биде транспарентно, а одлуките ќе се базираат исклучиво на стручниот аспект. Стручното раководење ќе овозможи справување со социјалните, културните, институционалните, еколошките и економски фактори во нашиот обид за постигнување одржливо стопанисување со шумите.

Сите засегнати страни, обединети со заедничка визија, треба да учествуваат во остварување на целите и акциите од стратегијата. Стратегијата ќе го предводи остварувањето на оваа визија, а водечкиот принцип е одржливоста. Одржливиот развој

овозможува задоволување на потребите на сегашните, без да се загрозат можностите на идните генерации.

## **Генерални цели**

Целта на Владата на Република Македонија е да го зголеми придонесот на шумарскиот сектор, преку одржливо стопанисување[3] со шумите, обезбедувајќи обновливи ресурси и заштита на локалната и глобалната животна средина. На тој начин ќе обезбеди подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани.

За да ја одржи и зајакне економската ефикасност на шумарството за потребите на севкупниот национален развој, Владата ќе:

- обезбеди законска, институционална и економска рамка за спроведување на одржливо стопанисување со шумите;
- обезбеди постојан финансиски механизам кој ќе ја подобри состојбата со шумите и развојот на шумарството.

## **Главни насоки**

- Проширување, подобрување на квалитетот и заштита на шумскиот фонд согласно Просторниот план на Република Македонија.
- Мултифункционално стоанисување со шумите и одржлив развој за економски одржливо шумарство.
- Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области.
- Зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку сеопфатна валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции.
- Зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.
- Подобрување на можностите за изнаоѓање на национални и меѓународни фондови за поддршка на развојот на шумарството.
- Усогласувањето на шумарското законодавство со националните интереси и меѓународните обврски.

---

[3] Концептот за одржлив развој на шумите беше дефиниран во 1993 год на Европската министерска конференција за заштита на шумите во Европа на следниов начин: „Под одржливо стопанисување се подразбира стопанисување и користење на шумите и шумското земјиште на начин, и во обем со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивноста, способноста за регенерација, виталноста и нивниот потенцијал за исполнување, сега и во иднина, на релевантните еколошки, економски и социјални функции на логално, национално и глобално ниво, односно на начин кој не предизвикува оштетување на други екосостеми.“

### 5.1.2. Главни аспекти на стратегијата

ШУМАРСКИОТ СЕКТОР, РЕСУРСИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРАШАЊА

*Шумски ресурси*

Шумските ресурси и сопственииштвото детално се опишани во првото и второто поглавје од Стратегијата, а тука се потенцирани општите цели на Стратегијата:

- Зголемување на површината под шума и подобрување на составот и квалитетот на шумите врз основа на стопанисување според принципите за одржливост (ОСШ);
- Задржување одржлива популација на дивеч;
- Поттикнување на употреба на другите шумски производи преку интегрирано стопанисување со шумите.

*Дрвна индустрија*

Да се промовира воспоставување на економски одржлива шумска индустрија.

УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО РАЗВОЈОТ НА ШУМАРСКИОТ СЕКТОР

Улогата на државата може да се опише преку шест основни функции: законска, контролна, поддржувачка, сопственичка, социјална и едукативна функција.

*Стопанисување со државни шуми*

- Подобрување на ефикасноста на стопанисување со шумите согласно пазарните услови
- Промовирање на принципите за одржливо стопанисување со шумите и развивање систем на критериуми за нивно импементирање.

*Институциите и нивниот капацитет*

Создавање потребни организации со соодветен капацитет за да се обезбеди интегрирано[4] управување со шумите. Тоа треба да придонесе кон заштитата и стопанисувањето со шумите на одржлива основа.

*Закон за шумите – спроведување и извршување/чување*

Промоција на доследно спроведување на Законот за шуми во стопанисувањето и заштитата на шумите и шумските ресурси.

---

[4] Интегрирано управување – управување со просторот и севкупните ресурси (шуми, шумски остатоци, вода, минерали, дивеч, туризам, други шумски производи итн.) од страна на еден субјект

*Планирање на шумарството и управување со информации*

- Да се обезбедат точни и навремени информации за состојбата на шумите, стопанисувањето со шумите и шумските продукти
- Ефикасна размена на информациите во рамките на шумарскиот сектор и меѓу другите економски сектори
- Подигање на јавната свест за вредноста на шумите и шумарството, со активно учество на сите заинтересирани страни.

*Финансирање*

Да се осигура соодветно јавно финансирање на активностите поврзани со одржливото стопанисување со шумите.

*Сопственост на шумата*

- Ажурирање на податоците на Катастарот кои се однесуваат на шумите и шумското земјиште, вклучувајќи и демаркација на државната и приватната сопственост
- Окрупнување на шумското земјиште кое е во државна и приватна сопственост

*Стопанисување со приватни шуми*

Да се создаде ефикасен систен на поддршка на приватните сопственици за да се постигнат целите на одржлив шумски развој.

*Јавна свест*

Да се обезбеди транспарентност во процесот на стопанисувањето со шумите и да се зголеми присутноста на шумарскиот сектор во јавноста.

*Образование, усовршување и доквалификација*

Да се зајакне и поддржи образованието во согласност со одржливото шумарство.

*Истражувања во шумарството*

Зајакнување на капацитетите на институциите за вршење истражувања во шумарството.

*Меѓусекторска и меѓународна соработка*

Воспоставување на соодветна меѓусекторска соработка која ќе овозможи непречен проток на информации на секое можно ниво.

## ШУМАРСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СТРАТЕГИЈАТА

*Заштитната улога на шумите*

Одржување на заштитните функции на шумите и зголемување на позитивниот придонес на шумарскиот сектор во заштитата на животната средина.

*Зачувување на биолошката разновидност*

Промовирање конзервација и реставрација на биолошката и пејзажна разновидност на македонските шуми.

## СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

- Придонесот на шумарството во создавањето работни места, благосостојба и намалување на сиромаштијата
- Поттикнување на економскиот развој и создавање можности за вработување.

*Придонес во руралниот развој*

Преку одржлив развој на шумарството да се создадат услови за непречен економски развој на руралните области и афирмација на туристичко-рекреативните функции на шумите.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Клучните елементи на спроведувањето се:

1. Стратешко планирање
2. Инвестиции во секторот
3. Координација
4. Институционално зајакнување
5. Шумарско законодавство
6. Меѓународна соработка
7. Набљудување и оценување

Националната шумарска стратегија обезбедува стратешка рамка за развојот на шумарскиот сектор и таа ќе биде ажурирана постојано во согласност со промените. Ова ќе биде подржано со процесот на редовно известување за состојбата на шумарскиот сектор.

Националната шумарска стратегија е рамка за трансформација на Шумарската политика во акција. Таа ги претставува краткорочните, среднорочните и долгорочните задачи и стратегии за определени области и региони во кои треба да се разрешат клучните прашања преку идентификација на приоритетите.

Стратегијата 1) ги идентификува активностите што треба да се преземат за да се достигнат целите, вклучувајќи ги институциите одговорни за спроведувањето; 2) нуди поддршка за распределба на потребните финансии. Сите овие активности ќе

бидат управувани преку соодветен план, елабориран почитувајќи ги принципите на транспарентност и партиципативност.

Ефектот од спроведувањето ќе биде набљудуван и спореден по следниве категории:

- Одржлива употреба на ресурси,
- Одржувањето на виталните функции на шумите за заштита на животната средина и конзервција на биолошката разновидност
- Економски развој во областа на шумарството
- Повисок животен стандард за руралното и урбаното население кое зависи од шумите, и
- Видлива примена на преземените меѓународни обврски.

Резултатите од набљудувањето и оценувањето ќе бидат редовно публикувани во форма на извештај за шумарскиот сектор.

## *5.2. Напредокот на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Македонија*

### 5.2.1. Активности во процесот на развој

Следнава листа дава детаљи за активностите спроведени за време на процесот на развивање на стратегијата.

1. Од 16 до 19 мај 2005 г., во хотел Континентал во Скопје, членовите на Работната група и други стручни лица учествуваа во обуката „Шумари во партиципативен пристап“.
2. На 19 мај 2005 г., во координативната канцеларија на ФАО во Скопје се оджа регионален состанок на тема „Односот на шумарството како стопанска гранка спрема шумата како екосистем“.
3. На 10 јуни 2005 г., во хотел Илинден во Струмица се одржа регионален состанок на тема „Управување со шумските ресурси – проблеми и решенија“.
4. На 16 јуни 2005 г., во хотел Слив во Виница се одржа регионален состанок на тема „Управување со шумските ресурси во државна и приватна сопственост“.
5. На 23 јуни 2005 г., во хотел Макпетрол во Маврово се одржа регионален состанок на тема „Проблемите во шумарството“.
6. На 29 јуни 2005 г., во хотел Вила Св. Софија во Охрид се одржа регионален состанок на тема „Стопанисување со шумите во регионот“.
7. На 19 септември 2005 г., во координативната канцеларија на ФАО во Скопје се одржа регионален состанок на тема „Формулација на Националната шумарска стратегија“.
8. На 25 октомври 2005 г., во хотел Александар Палас во Скопје се одржа Национален консултативен состанок.
9. На 22 март 2006 г., во Шумарскиот факултет во Скопје се одржа консултативен состанок на тема „Управување со шумските ресурси – проблеми и решенија“.

10. На 30 март 2006 г., во хотел Кристал Палас во Прилеп се одржа регионален состанок на тема „Мислењата и идеите на учесниците по однос првиот предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“.
11. На 31 март 2006 г., во Домот на армијата на Република Македонија во Струмица, се одржа регионален состанок на тема „Мислењата и идеите на учесниците по однос првиот предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“.
12. На 4 април 2006 г., во хотел Кичево во Кичево, се одржа регионален состанок на тема „Мислењата и идеите на учесниците по однос првиот предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“.
13. На 6 април 2006 г., во хотел Овче Поле во Свети Николе, се одржа регионален состанок на тема „Мислењата и идеите на учесниците по однос првиот предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“.
14. На 11 мај 2006 г., во хотел Александар Палас во Скопје, се одржа промотивен состанок на тема „Сугестии по предлог Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија со Акционен план“.
15. На 12 септември 2006 г., во хотел Тимс во Скопје, се одржа технички состанок на тема „Дефинирање на опасностите кои може да се сретнат при спроведувањето на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија и Акциониот план 2007-2009“.
16. На 12 октомври 2006 г., во Националната универзитетска библиотека во Скопје, се одржа работилница за легислативата во шумарството. Целта на состанокот беше да се дефинираат потребите за подобрување на постоечката легислатива во шумарството и да се идентификуваат потребите за измени согласно Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија и Акциониот план 2007-2009“.

НАСПШ беше активно вклучена во повеќето од овие настани и работилници.

### 5.2.2. Спроведувањето на Националната стратегија и Акциониот план

Има 42 планирани акции во однос на различните аспекти на стратегијата за спроведување во периодот 2007-2009. Во Акциониот план им се даде приоритет на најзначајните проблеми во шумарството.

Акциите определени со точките 27, 29, 30, 31, 41 и 42 се однесуваат само на приватното шумарство или се тесно поврзани со истото. НАСПШ зема активно учество во нивното елаборирање или пак во некои случаи ги имплементираше истите без помош од државата.

Следи подетален опис на акциите:

**Акција бр. 27**
Наслов: Организирање информативни семинари за приватни сопственици на шуми

Очекувани резултати: Подобрена информираност на сопствениците на приватни шуми за нивните права и должности во однос на стопанисувањето со шуми.

Опис: Од 2006 година, низ државата се одржаа бројни семинари и работилници кои произлегоа од соработката на НАСПШ со SNV (2 семинари на национално, 10 на регионално и 15 на локално ниво). Учесници беа сопствениците на приватни шуми. Информациите што беа претставени ги содржеа обврските и регулативите во однос на одрживото стопанисување со шумите. Семинарите се сè уште во тек.

**Акција бр. 29**
Наслов: Поддршка на сопствениците преку давање информации во однос на пошумувањето, обновата, заштитата на шумите, нивното управување, планирање и сертификација

Очекувани резултати: Приватните сопственици се информирани и консултирани по ова прашање.

Опис: Со годишната програма за пошумување, донесена од Владата а усвоена од Парламентот, на сопствениците на приватни шуми им се обезбедува бесплатен насаден материјал секоја година. Во последниве години во просек беа дистрибуирани околу 400.000 насади кои ги задоволуваат потребите за насадување на површина од 300-500ha. Освен пошумувањето се врши и насадување против ерозија. Тие исто така добиваат професионална помош и поддршка од стручни лица на Шумарскиот факултет и јавното претпријатие „Македонски шуми“, финансирано од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (главни советувања: методи на садење, селекција на видови, одгледување и заштита на растенијата). Дополнителни информации за процедурите и за овие прашања сопствениците на приватни шуми може да најдат на веб страната на Министерството (http://www.mzsv.gov.mk/index.php?option=com_frontpage&itemid=33) и во Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми.

**Акција бр. 30**
Наслов: Изработка на информативна алатка за запознавање на правата и обврските на сопствениците на приватните шуми.
Очекувани резултати: Брошура од максимум 20 страни, издадена во 20 000 примероци.

Опис: Со публикацијата на брошурата, на сопствениците на приватни шуми им се помогна во запознавањето на нивните права, обврски, планирани активности, начини на користење на фондовите и инвестирање во областа на заштитата од инсекти и болести, пошумување, стопанисување со шумите итн. Брошурата беше изработена во 2007 г. со соработка на разни шумарски организации, како НАСПШ, ЈП „Македонски шуми“, МЗШВ и SNV. Досега се дистрибуирани 15 000 примероци.

**Акција бр. 31**
Наслов: Креирање и постојано одржување на интернет страна за асоцијата на сопственици на приватни шуми.

Очекувани резултати: Да се изработи интернет страна кој постојано ќе се ажурира.

Опис: Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми, со помош на SNV, доби своја веб страна во 2008. На страната може да се најдат информации за тековни активности, теми или акции што се однесуваат на секторот за приватно шумарство. Страната може да се пронајде на http://www.naps.com.mk.

**Акција бр. 41**
Наслов: Создавање услови за развој на локални мали и средни трговски друштва за преработување и тргување со дрво и други шумски производи, преку понудување консултација, информации и обука.

Очекувани резултати: Да се развие механизам за поддршка на создавањето на друштвата.

Опис: Стратегијата за рурален развој на Република Македонија е развиена во (2007) и нејзиното спроведување е во почетна фаза. Во шумарството и трговијата со дрво сè уште нема формирани МСП. Стратегија планира да ги поддржи натамошните собирање, обработка и трговија со дрво, дрвни продукти и други шумски производи. Создадена е поволна клима за формирање такви компании и се очекува дека тие ќе профункциоираат во сè поголем број на шумски региони. Оваа активност е во тек.

**Акција бр. 42**
Наслов: Изготвување студија за шумските туристички ресурси на регионално и локално ниво.

Очекувани резултати: Студија што ќе обезбеди податоци за потенцијалот на шумскиот туризам во Република Македонија.

Опис: Оваа студија ќе се спроведе и заврши на самиот крај на Акциониот план. Развојот на туризмот стана жешко политичко прашање, а во дискусијата е опфатен и шумскиот туризам. Изработката на студијата е во фаза на подготовка. Се очекува дека ќе биде достапна до 2010 година.

Точките 4, 6, 11 и 15 го опфаќаат приватното шумарство, но се однесуваат општо на шумарството. Следи нивниот опис:

**Акција бр. 4**
Наслов: Студија за превенција и заштита од шумски пожари.

Очекувани резултати: Ќе се изработи анализа на состојбата и ризикот од пожари во шумите и предлог-мерки за на нивна контрола и супресија. Со студијата ќе се изработи и анализа на моменталната состојба со предлог за превентивни и пресупресивни мерки.

Опис: За жал, сѐ уште не е започната подготовката на ваквата студија. Во согласност со регулативите за јавно финансирани студии, се повикаа и беа избрани предлог-проекти, но сѐ уште не е склучен договор. Крајниот рок за изработка на студијата е одложен до јуни 2009 г.. Овој проект ќе го изведе Катедрата за заштита на шумите и дрвото при Шумарскиот факултет.

**Акција бр. 6**
Наслов: Изработка на студија за развој на шумската патна мрежа во Република Македонија

Очекувани резултати: Анализа на состојбата на шумската патна мрежа и предлог-план за нејзино зајакнување

Опис: За жал, сѐ уште не е започната подготовката ниту на ваквата студија. Се повикаа и беа избрани предлог-проекти, но сѐ уште не е склучен договор. Студијата ќе ја изработи Катедрата за користење на шумите и шумскиот транспорт при Шумарскиот факултет. Крајниот рок за изработка на студијата е јуни 2009 г..

**Акција бр. 11**
Наслов: Нова систематизација на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

Очекувани резултати: Да се изврши нова систематизација на Државниот инспекторат за шумарство и ловство. Се очекува поефикасно спроведување на законите од областа на заштитата на шумите, шумските површини и ловството.

Опис: Новата систематизација ја изврши Министеството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но сѐ уште не е одобрена од Владата на Република Македонија. Со оваа систематизација, вкупниот број на државни инспектори ќе се зголеми од 16 на 25, а ќе се формира и нов оддел со 4 под-оддели. Тие ќе ги покриваат следниве области: а) заштита на шумите, б) промена на шумското земјиште, в) дивеч и ловство и г) производство на семиња и семен материјал.

**Акција бр. 12**
Наслов: Разработување на планот за трансформирање на Јавното претпријатие „Македонски шуми"

Очекувани резултати: План за реорганизирање на ЈП „Македонски шуми". Програмата треба да поттикнува одржливо стопанисување со шумите во државна сопственост, подобра пазарна средина за своите производи и да ја зајакне мотивацијата на персоналот. Главната цел е да се помогне во профитабилното функционирање на претпријатието.

Опис: Во 2007 година се спроведе програма за реорганизација на ЈП „Македонски шуми". Оваа програма со две верзии беше доставена до Владата. Процесот на одлучување е во тек (2008 г.).

**Акција бр. 15**
Наслов: Изработка на студија за шумските региони загрозени од ерозија.

Очекувани резултати: Студија и предлози за измени на Законот за шуми. Преку оваа студија треба да се изврши анализа на ерозивните процеси во шумските екосистеми, со посебен акцент на ризиците што истите ги носат. Ќе се опфатат прашања како лизгање и паѓање на земјиштето, но и други интензивни облици на површинска и длабока ерозија.

Опис: Подготовката на оваа студија сè уште не е започната. Се повикаа и беа избрани предлог-проекти, но не е склучен договор. Студијата ќе ја изработи Катедрата за заштита на земјиште и вода при Шумарскиот факултет. Студијата треба да се заврши до јули 2009г.

Точка бр.13 од Акциониот план се однесува на измените на постоечкиот Закон за шумите. Во Анекс 1 се дадени деталните предлози на НАСПШ за нацртната верзија.

Општо може да се заклучи дека досега, процесот на спроведување на Акциониот план се одвива многу бавно, со само неколку конкретни резултати. Сепак, во тек се многу активности.

# 6. РЕЗИМЕ

Шумарството учествува со 0,3 - 0,5% во бруто домашниот производ на Македонија (2005 г.). Шумите во државна сопственост зафаќаат 90,14% од вкупната површина под шума, додека нивното вкупно учество во дрвната резерва изнесува 92,2%. Приватните шуми зафаќаат 94.146 ha, т.е. 9,86% од вкупната површина под шума и учествуваат со 7,8% во вкупната дрвна резерва. Повеќе од 70% од површината под шума се нискостеблени и деградирани шуми. **Површината на шуми во приватна сопственост во Македонија е мала, но многу значајна поради социо-економската благосостојба на 65.000 семејства кои поседуваат шуми.**

Изворите на информации за шуми нудат различни податоци за површината под шуми. Очигледно е дека нема доволно квалитетни податоци за шумите во приватна сопственост. Сепак, во Република Македонија несомнено постои тенденција на зголемување на површината под шума. Тоа е претежно резултат на а) пошумување и прво насадување, б) миграции кон урбани области, в) намалување на добитокот/стоката (особено козите). Со продолжениот процес на денационализација се очекува и натамошен пораст на површините под шума кои се во приватна сопственост.

Во педесеттите години од минатиот век, шумите во приватна сопственост биле национализирани, а сопствениците ги изгубиле своите права да управуваат со нив. Во одредени делови од Македонија, национализирањето на приватното земјиште не било соодветно документирано. Семејствата кои порано поседувале шуми ја заборавиле нивната корист и и принципите на традиционалното шумарство. Сопствениците на мали парцели изгубиле интерес да стопанисуваат со нив. Во 1991 година Македонија стана независна држава, заснована на демократски принципи и закони кои ги

гарантираат правата на сопственост. Наскоро започна и процесот на денационализација и како резултат се зголеми и површината на шумите во приватна сопственост. Сепак, процесот на денационализација не ги даде посакуваните резултати. Во 2008 година процесот запре. Се очекува истиот да продолжи, но има само 2-3% натамошно можно зголемување на шумите во приватна сопственост. Кога општествено-економскиот и политички систем на државата се смени во 1991, дојде до општо зајакнување на капацитетите на приватниот сектор. Со тоа се зголеми и интересот за стопанисување со приватните шуми.

Организацијата на сопственици на приватни шум во Македонија датира од јануари 1998 г., кога во Куманово беше регистрирано првото здружение на граѓани за приватни шуми, под името „Здружение за заштита на интересите на сопствениците на шуми". Причината за заживување на сопствениците на приватни шуми и регистрирање на нивното здружение е резултат на политичката промена, во комбинација со Законот на шумите од 1997 година. Други закони исто така имаа влијание, како законите што се однесуваат на сиромаштијата и денационализацијата. Како што се зголемува бројот на членови во здружението, така се зголемува и бројот на регионалните огранoци.

Од јули 2006 г., НАСПШ добива поддршка од SNV преку зголемен број на членови и организациски способности. Во изминатите две години, вкупниот број на огранoци и членови е значително зголемен. Постојат пет регионални канцеларии и 23 општински огранoци (2008 г.).

Од јуни 2007 г., сопствениците на приватни шуми се организирани и на државно ниво преку Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми на Македонија.

Бројот на членови во Асоцијацијата постојано се зголемува. Последните податоци од мај 2008 г. укажуваат на број од 847 членови. Најглоемиот број членови се во Берово и Радовиш, додека пак најмалку има во Кратово и Ресен.

Во меѓувреме, Асоцијацијата исто така придонесе и во креирањето на шумската политика во Македонија и се фокусира на нејзиното спроведување (види го процесот на НСОРШ).

**Главната визија** на Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми е **Заштитата на индивидуалните и заеднички интереси на сопствениците на приватни шуми, истовремено исполнувајќи ги барањата за одржливо стопанисување со шумите.**

Од 1998 година, сите услуги за сопствениците на приватни шуми, како ознака за сеча или издавање на дозволи за транспорт ги врши ЈП „Македонски шуми". До 1998 година, овие услуги ги вршеше Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Според Трендафилов (2008 г.), тоа функционирало подобро од денешниот систем, поради конфликтот на интереси на ЈП како стопанисувач и понудувач на услуги во исто време. Од почетокот па сè до денес, најзначаен проблем во приватното шумарство претставува планирањето и стопанисувањето со шумите во приватна сопственост. Сопствениците на шуми не учествуваат во развивањето на плановите за стопанисување со шуми.

Други проблем-прашања од областа на стопанисувањето со приватни шуми, што треба да се разрешат се: а) ограничено право на користење на сечивиот етат; б) различна висина на цените на услуги на ниво ЈП „Македонски шуми"; в) бирократски и нетранспарентни понуди за услуги за приватното шумарство, г) недоследност во примената на шумарските регулативи (сеча, ознака за сеча, администрација итн.); д)

ограничени права за вклучување во пазарот/трговијата со дрвни сортименти; ѓ) незадоволство од услугите на Катастарот – Управата за геодетски работи.

*За прв пат во историјата на македонското шумарство дојде до позитивни промени кога претставниците на НАСПШ земаа активно учество во создавањето на НСОРШ во 2005 г., и новиот Закон за шумите во 2007 година.* **Активното учество во изработката на предлог Законот за шумите од април до август 2008 година претставува најзначајно постигнување во шумската политика последните години (НАСПШ 2008 г.).** Асоцијацијата назначи двајца претставници на состаноците на работните групи во процесот на изработка, а исто така организираше и регионални работилници.

**Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Македонија** беше изработена во 2005 г., а усвоена од парламентот во 2006 г. Таа е основа и подготовка за сите поголеми одлуки во однос на шумарството во следните 20 години. Нејзините цели и мерки наведени во Акциониот план за спроведување се однесуваат на сите шуми во државата. Целта на Владата е да го зголеми придонесот на шумарството во државната и рурална економија преку одржливо стопанисување со шумите. Шумарството ќе понудува производи и услуги за подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Во Стратегијата, шумите се сфатени пред сѐ како ресурси за производство на материјални добра како дрво и други шумски производи (лековити растенија, печурки, шумски плодови, дивеч итн.).

Иако само мал проj на прашања од овој документ се однесуваат токму на шумите во приватна сопственост, сепак сопствениците на приватни шуми го сметаат за добра основа за изработка на стратегијата на Асоцијацијата и воопшто приватното шумарство (НАСПШ 2006 г.).

Општо гледано, спроведувањето на Акциониот план се одвива бавно, со само неколку постигнати резултати (2008 г.). Беа одржани информативни семинари и консултации од обласа на стопанисувањето со шуми и пошумувањето, општо за сите сопственици. Се обезбедија информации и за сопствениците на шуми и засегнатите мали и средни претпријатија. Асоцијата се осврна на прашањето за предлог-Законот за шумите преку понудување детални предлози по извршената консултација со членовите и управата. Повеќето активности што се наведени во Акциониот план се сѐ уште во тек.

По учеството во процесот на изработка, НАСПШ активно зема учество во спроведувањето на Акциониот план, сѐ повеќе дефинирајќи се како учесник во шумската политика на државата.

# 7. Користена литература/проекти


1. Собрание на Република Македонија, 2004 г. *Просторен план на Република Македонија* (дел - шумарство) http://www.moepp.gov.mk/WBStorage/Files/PP%20na%20RM%202002-2020%20april.pdf
2. Државен завод за статистика на Република Македонија, 1938, 1961, 1979 година. (попис/инвентаризација на шумите, годишни статистички извештаи) http://www.stat.gov.mk/english/glavna_eng.asp
3. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, 2005 г. *Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија* http://www.mzsv.gov.mk/strategija/pages/Strategy-en.html
4. Д-р Блажо Димитров, 2003 г. Економика на шумарството, Книга Прва (Макроекономика), македонско издание, Шумарски факултет Скопје.
5. Национална асоцијација на сопственици на приватни шуми во Македонија (НАСПШ), 2008 г. Статут. Информации од веб страната и од лицето за контакт. http://www.naps.com.mk/docinfo.htm
6. SNV Холандска агенција за развој, 2008 г. Информации од веб страната и од лицето за контакт. http://www.snvworld.org/en/Pages/default.aspx
7. Јавно претпријатие „Македонски шуми“, 2008 г. Информации од веб страната. http://www.mkdsumi.com.mk/en/index.asp


Информации за остварување контакт:


➢ Проф. д-р Александар Трендафилов, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Шумарски факултет, Скопје, Република Македонија. e-mail: atrendafilov@sf.ukim.edu.mk; trendafilov_a@yahoo.com

➢ Проф. д-р Јасминка Ризовска Атанаасовска, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Шумарски факултет, Скопје, Република Македонија. e-mail: jratanasovska@sf.ukim.edu.mk

➢ Бојан Симовски, Помлад асистент, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Шумарски факултет, Скопје, Република Македонија. e-mail: bsimovski@sf.ukim.edu.mk

➢ Дарко Скендерски, Национален координатор, Национална асоцијација на сопственици на приватни шуми „Приватни шуми“, Република Македонија, e-mail: macprifor@yahoo.com; kolos@mt.net.mk; naps@naps.com.mk

➢ Анела Ставревска Панајотова, Помлад советник за Партиципативно стопанисување со шуми, SNV Холандска агенција за развој, Канцеларија во Република Македонија, e-mail: astavrevska@snvworld.org

# АНЕКС 1

Предлози на НАСПШ за измени и амандмани на нацртната/работната верзија на новиотакон за шумите, проследени по членови:

Член 1

Испуштен е зборот планирање – да се додаде.

Член 4

Да се испушти „Смола“ од овој член.

Член 5

Во контекст на стопанисувањето со шуми, да се додадат термините планирање и контрола за сите работи во шумарството, така што текстот на овој член ќе биде во корелација со текстот на НСОРШ.

Член 6

На крајот на овој член треба да се додаде данок/такса за повеќенаменските функции на шумите (како што е во другите Членови за шумарството во Бившите југословенски републики).

Член 7

Шумите се имот во приватна или државна сопственост. Сопственици на приватни шуми можат да бидат физички или правни лица. Сопственик на шумите во државна сопственост е Република Македонија.

Член 8

Став 2 да се измени во: размената помеѓу приватните и државните шумски парцели е дозволена кога целта е окрупнување на шумските парцели.

Член 16

Став 1: Прогласување на Шума со специјална намена се врши по предлог на Министерството за земјоделство со посебен закон за истото.

На крајот на членот треба да се додаде: пред да се изврши прогласување на една шума во шума со специјална намена од став 1 од овој закон, органот што го врши прогласувањето на шумата мора да добие одобрение од сите сопственици на приватни шуми во таа област (таков е случајот и со Законот за шуми во Хрватска, во Словенија тоа е пракса во спроведувањето на Натура 2000).

Член 22

Во став 1: ... за стопанисување со шуми со економска намена, во приватна или државна сопственост, МЗШВ ќе се погрижи да се изработат посебни планови за стопанисување.

Во став 2: за планирање и контрола на шуми со посебна намена МЗШВ или друго министерство ќе се погрижи да се изработат посебни планови за стопанисување.

Став 3: Шумите во приватна сопственост што се дел од шуми со специјална намена, а во државна сопственост, се исто така шуми со специјална намена, ако е исполнет условот додаден во член 16, став 4.

Во став 6: Сопственикот или сопствениците на шуми во приватна сопственост можат да изработат специјални планови за стопанисување со своите шуми ако таквиот план не е

против мерките предвидени во плановите на МЗШВ и се во рамките на одржливиот развој на шумарството.
Во став 8: Општите планови и Специјалните планови за стопанисување од став 1 и 6 од овие членови ги одобрува министерот од МЗШВ.

Член 23

Трошоците за изработка на општите планови за стопанисување со шуми од став 1 и 2 од член 22 на овој закон, во однос на делот што се однесува на шумите во приватна и државна сопственост, ќе ги сноси МЗШВ. Трошоците за изработката на специјалните планови за стопанисување со шуми во приватна сопственост ќе ги сносат самите сопственици.

Член 35

Став 1: Ознаката на шумите во приватна и државна сопственост ќе може да ја вршат физички или правни лица кои се лиценцирани за професионална шумарска работа.

Член 38

Во став 2: Формуларот за одобрување на сеча во шумите во приватна сопственост го издава МЗШВ на физички и правни лица лиценцирани за таа услуга во шумата.
Во став 3 да се додаде: одобрувањето за сеча во шумите во кои се во приватна сопственост, но и државна сопственост исто така, може да се издаде без одобрение на другиот сопственик – државата.
Во став 6 и 7 да се разјасни улогата на сопствениците на приватните шуми и на државата.

Член 42

Во став 1: употребата на други шумски производи е дозволена, ако истото е предвидено во општите и специјални планови за стопанисување со шумите.
Во став 2: .. може да даде право на користење или собирање на други шумски производи од државата.

Член 56

Во став 3: Белешката за ознака и достава ја издаваат физички и правни лица кои се лиценцирани за професионална шумарска работа.

Член 57

Во став 2: Физичко лице може да продава дрвни производи само ако тие потекнуваат од неговиот имот.
Став 3 и 4 да се избришат.

Член 67

Во став 2: ... за количества што не надминуваат 12 $м^3$...
Во став 4: ... и се користат за работи за заштита и одгледување на шуми. Потоа средствата им се враќаат на корисниците откако тие ќе приложат доказ дека е извршена работата.

Член 70

По став 2: Кога шумарскиот инспектор од Државниот инспекторат за шумарство и ловство врши контрола на сумите што се плаќаат како даноци/такси кај приватните или државните сопственици кои се физички или правни лица, тој мора да биде во придружба на инспектор од Домашниот платен промет.

# АНЕКС 2

## МЕЃУНАРОДНИ СЕМИНАРИ, СИМПОЗИУМИ, КОНФЕРЕНЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО КОИ УЧЕСТВУВАШЕ НАСПШ 2004-2007

Во периодот од 2004 до 2007 година, на своја иницијатива, а со поддршка на меѓународни организации, НАСПШ учествуваше во семинари, симпозиуми, конференции и работилници меѓу кои и:

- ✓ **Работилницата** „Помош за секторот на приватно шумарство во Централна и Источна Европа“, **Организации – организатори на настанот:** ФАО, IUCN, CEPF, 13-15 септември 2004 г., Замарди, Унгарија;
- ✓ **Работилницата** за проценување на потребите за обука, **Организации – организатори на настанот:** EFI, ФОПЕР, Охрид, 6-8 јули, 2005 г.;
- ✓ **Работилница „**Трансформација на шумарството во Бугарија“, **Организации – организатори на настанот: Семинари за политиките на ЕУ** што се однесуваат на шумарството, 28-29 септември 2005 г., Хисар, Бугарија.
- ✓ **Научно патување** Шумарство, дрвна индустрија и биоенергија, **Организации – организатори на настанот:** MFI-Асоцијација на сопственици на приватни шуми Ita-Hame, Finland, ноември 2005 г., Сисма, Финска.
- ✓ **Работилница** „Маркетинг на шумски роизводи – од принципи до пракса“ Балкан и Југоисточна Европа, **Организации – организатори на настанот:** UNECE, ФАО и проектот ФОПЕР, Државниот универзитет на Белград и Универзитетот на Луизиана, САД, 3-6 април 2006 г., Нови Сад, Србија.
- ✓ **Работилница „**Креирање национална стратегија за шумарство и реформи во шумарството на Р. Македонија“ **Организации – организатори на настанот:** НАСПШ „Приватни шуми“,ФАО, CEPF, FI, BFSD, 28-29 јуни 2006 г., Струмица, Македонија
- ✓ **Научно патување во Албанија, Заеднички проект на НАСПШМ,** ShPPKK и Организацијата на сопственици на приватни шуми на Косово, **Организации – организатори на настанот:** ShPPKK, Федерацијата на општински шуми и пасишта на Албанија, СОРОС, SNV, 15 - 17 ноември 2006 г., Албанија;
- ✓ **Симпозиум** - 9ти Меѓународен симпозиум за „Правните аспекти на одржливиот развој на европските шуми“ **Организации – организатори на настанот:** „IUFRO Дивизија 6: Општествени, економски, информативни и политички науки“, Истражувачка група 6.13.00: Закони за шумите и легислатива за животната средина ", 19 -23 јуни 2007 г., Зикатар, Ерменија;
- ✓ **Партиципативно стопанисување со шуми - посета во гости на Албанија, , Организации – организатори на настанот:** ShPPKK, Федерација за општински шуми и пасишта на Албанија, СОРОС, SNV**,** 16 - 18 јули 2007 г., Кукеш, Албанија;
- ✓ **Партиципативно стопанисување со шуми - посета во гости на Македонија, Организации – организатори на настанот:** НАСПШ „Приватни шуми“, СОРОС, SNV**,** 02 - 04 ноември 2007 г., Берово, Македонија;

- ✓ **Шумарски семинар** „Потребите за развивање на шумите во приватна сопственост во Република Македонија“, **Организации – организатори на настанот:** НАСПШ „Приватни шуми“, СОРОС, SNV**,** 6 декември 2007 г., Скопје, Македонија;

World Bank

PROFOR

Programm on Forests

Confederation of European Forest Owners

Food and Agriculture Organisation of the United Nations

# Заклучоци од Конференцијата

## „Статусот на не-државното шумарство во Југоисточна Европа“

30.06.– 02.07.2008 г. во Скопје, Македонија

На конференцијата учествуваа претставници на асоцијациите на сопственици на шуми и одговорни лица од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Македонија, Србија, Црна Гора, како и експерти од Конфедерацијата (CEPF), Организацијата за храна и земјоделство (FAO), Холандската агенција за развој (SNV) и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (SIDA). Тие разговараа за голем број на прашања поврзани со стопанисувањето и управувањето со не-државните шуми во Југоисточна Европа.

**Врз основа на севкупниот исход на конференцијата, учесниците ги донесоа следниве заклучоци:**

Со своето производство на дрво и други шумски производи, и со понудување на други пазарни услуги, како и понудување на јавни услуги, секторот за приватно шумарство има потенцијал сè повеќе да придонесе кон одржливиот развој во Југоисточна Европа. Економскиот приход, можностите за вработување и еколошките вредности за животната средина кои произлегуваат од управувањето со приватните шуми се од заеднички интерес за државната администрација и сопствениците на приватни шуми.

На конференцијата беа застапени различни пристапи за тоа како секторот за приватно шумарство да придонесе повеќе кон одржливиот развој во дадените држави, особено во поглед на степенот на потребни државни прописи.

Основен предуслов за спроведувањето на економскиот, социјален и еколошки потенцијал на приватното шумарство е веродостојниот, транспарентен и редовен дијалог помеѓу државната администрација и легитимните претставници на сопствениците на приватните шуми. На конференцијата, асоцијациите на сопствениците на приватни шуми беа признаени како значајни партнери за постигнување на целите на националната шумарска политика. Националните шумски програми беа признаени како корисни рамки за спроведување на поврзаните стратегии.

**Во поглед на стопанисувањето со не-државни шуми, учесниците ги предложија следниве точки:**

- Да се продолжи со градењето капацитети и да се применат разбирливи пристапи во одгледувањето на шумите и сеопфатно стопанисување со природните ресурси во не-државните шуми;
- Да се тежнее кон одржливост на природните ресурси во не-државните шуми и нивните придобивки за општеството;

